Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-9/3
13.2.2025, Скопје

За потребите на проектот „Иницијатива за административна социјална правда", финансиран од Европската Унија во рамки на ИПА III EIDHR-EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234, врз основа на Договор за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. 0307-65/1 од 26.11.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК 2/2025
за ангажирање на експерт/ка за развој на методологија

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „Иницијатива за административна социјална правда" (финансиран од ЕУ во рамки на ИПА III EIDHR-– EU-NDICI-THE-NEAR /2024/461-234) има потреба од **ангажирање на експерт/ка за развој на методологија.**

2. Опис на активностите:
   - Подготовка на матрица за потребни податоци кои треба да се соберат;
   - Изготвување на насоки за прибирањето на податоците;
   - Изготвување на листа на потенцијални институции со кои треба да се подготват интервјуа со листа на прашања со предлог структура на прашања;
   - Изготвување на предлог прашања кои треба да се достават до институциите за слободен пристап до информации;
   - Изготвување на насоки за анализа на административни постапки од социјални права (утврдување на проблеми преку анализа на одлуки на Управен суд);
   - Изготвување на предлог структура за анализа;
   - Утврдување на предлог теми за обуки, кампања и слично.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 2/2025 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

   Временската рамка за спроведување на активностите е во период од февруари до април 2025 година.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраниот експерт за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 2/2025.

5. Понудата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство;
   - Референци за слични продукти; и
   - Финансиска понуда.

6. Изборот на експертот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Образование	20
Искуство	50
Вкупно бодови	**70**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	30
Вкупно бодови	**30**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	70
Просечна оценка за финансиска евалуација	30
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот е предвиден финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараниот материјал.

8. Начин на доставување на понудата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **23.2.2025 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот и проектната задача, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **20.2.2025 година.**

Институт за човекови права

Весна Стефановска
Институт за човекови права